JEAN-LUC LAMBOLEY et MARIA PAOLA CASTIGLIONI (eds.), *L'Illyrie méridionale et l'Epire dans l'antiquité*, Actes du Ve colloque international de Grenoble (10–12 octobre 2008), De Boccard: Paris, 2010, 2 vol. (21 x 29.7), 790 p., 590 fig.

Веќе две децении, на секои шест години се организираат симпозиумите за „*Јужна Илирија и Епир во антиката*", проследени со зборници на трудови со најновите истражувачки резултати за античката историја на споменатиот регион. Во 2010 година, веќе традиционално, издавачката куќа *De Boccard* ги објави трудовите од петтиот меѓународен симпозиум посветен на Јужна Илирија и Епир, одржан од 10 до 12 октомври 2008 година, во Гренобл, Р. Франција. Зборникот содржи 57 трудови напишани од 92 автори од 13 земји, на француски, англиски и италијански јазик.

Вообичаено, симпозиумот има две главни цели – најпрво, да ги прикаже најновите археолошки, епиграфски и нумизматички истражувања за споменатиот регион и потоа да се дебатира да се донесат новитети во нашето историско спознание за некои конкретни теми. Така, овој петти број, зборникот е содржински поделен на два дела: „*Нови истражувања 2003-2008*" (стр. 11–496) и „*Економски и културни разменувања*" (стр. 497–731).

Трудовите од првиот дел (вкупно 41) распоредени се во три поглавја по хронолошки ред: „*Праисторија и протоисторија*" (5), „*Грчко-римски период*" (31) и „*Доцна антика и среден век*" (5).

Во првото поглавје „*Праисторија и протоисторија*" се прикажани истражувањата на неколку локалитети на територијата на денешна Р. Албанија и Р. Хрватска. М. Галати, О. Лафе и З. Тафилица ги презентираат резултатите од тригодишното ископување на праисториското утврдување Грунас, откриено 2005-та г. во северна Албанија. И. Ѓипали го прикажува најновото истражување на неколку локалитети во областа Хаонија, јужна Албанија, и ја бара нивната врска со подоцнежните прото-урбани и урбани центри. Ж. Туше, С. Обервајлер и П. Лера се занимаваат со прецизирање на хронологијата на преминот од младо бронзено во старо железно доба на локалитетот Совјан (близу Корча). Б. Олујиќ ги прикажува резултатите од заштитните ископувања, во подножјето на Биоково, на праисториски гробови загрозени од изградбата на јадранската магистрала и ги датира во III и II милениум п.н.е. Група истражувачи (Е. Фуаш и други) предлагаат палеогеографски реконструкции за езерото Малик, близу Корча.

Второто поглавје „*Грчко-римски период*" е поделено на десет помали оддели, и тоа по дисциплински и географски критериум.

Првиот оддел содржи четири статии посветени на *епиграфиката и лингвистиката*. Еминентиот професор, и иницијатор на овие научни симпозиуми, Пјер Кабан, ги истражува пограничните илирско-епирски региони (V–II век пр.н.е.), истакнувајќи ја притоа потребата за нијансирање на постоечката слика за линијата на раздвојување. Џ. Вилкс се фокусира на карактерот на римското населување во Дирахион, Билис и Бутринт. Ф. Дрини пишува за функцијата на архонтите и синархонтите во јужна Илирија и Епир. На крајот, Е. Лот дава лингвистичка анализа на етниконите посведочени во Бутринт.

Во нумизматичкиот оддел се сместени само две статии. Д. У. Морган дава преглед на класичните и хеленистичките монетни наоди од Рисан (Црна Гора), додека Ш. Ѓонгецај ја објаснува циркулацијата на монетите во Хаонија.

Со третиот оддел, посветен на *Теспротија, Молосија и Хаонија*, започнува географскиот пристап од второто поглавје. В. Карацени пишува за Амбракос и Бухетион, додека М.-П. Дос ги обработува планинските утврдувања на Цумерка. Е. Андреу ја анализира новопронајдената статуетка на божицата на плодноста, датирана во неолитот.

Во четвртиот оддел, шест статии се однесуваат на *Аполонија*. М. Г. Аморе ги претставува најновите наоди од гробницата во Аполонија. А. Скендерај прикажува една градба со монохромен мозаик, додека Б. Врекај пишува за нимфеонот во овој град. Џ. Дејвис и други од албанско-американската екипа ги анализираат најновите наоди од локалитетот Бонјакет. Ф. Кантен прави нова реконструкција за еден конкретен споменик, *aguieus*-от на Аполон, а О. Цека дава приказ на римските стели со релјеф од Аполонија.

Петтиот оддел е посветен на *Бутринт*. Д. Конди и Д. Р. Хернандез се фокусираат на форумот и урбаниот развој на градот. Една глава пронајдена во 1990 и изгубена веќе во 1993, В. Гагаџис-Робин ја идентификува како лик на Александар, и ја споредува со портретите од 3 век п.н.е. С. Гринслејд ги презентира најновите резултати од ископувањата од Врина, додека Е. Денио ги истражува култовите од римскиот период.

Шестиот оддел се однесува на *Дирахион-Епидамнос*. А. Милер и Ф. Тартари даваат придонес кон топографијата на градот, додека С. Санторо, Б. Саси и А. Хоти предлагаат нова слика за изгледот и урбаните трансформации на градот низ вековите. Е. Шехи и Б. Шкодра презентираат најнови податоци и хипотези за северниот ѕид, додека И. Појани пишува за регионот околу градот.

Седмиот оддел е посветен на резултатите од истражувањата на, главно италијанските истражувачи, во градот *Фојника*. С. Де Мариа, Р. Виличиќ и Д. Конди се фокусираат на урбанизмот и монументалните форми во градот. Сегменти од некрополите на Фојнике се анализирани во две одделни статии од Џ. Лепоре, односно од Б. Мука-Скендерај. Ј. Богдани и Е. Џорџи пишуваат за територијата и населението на градот. Р. Перна и Д. Конди презентираат нови податоци за Хадријанопол.

Последните три оддели содржат само по една статија. Така, во осмиот оддел, група истражувачи (Ж.-П. Дескудрес и други) се осврнува на заедничките албанско-швајцарски ископувања на *Орискос*.

Во деветиот оддел, Р. Чиобану ја анализира симболиката на одделни елементи од храмот на Јанус во Албурнус Мајор, провинција *Дакија*.

Во последниот десетти оддел, косовско-француска екипа (А. Хајдари и други) ги презентира првичните резултати од најновите ископувања (2006-2008) во *Улпијана*.

На крајот од првиот дел, третото поглавје „*Доцна антика и среден век*" (со кое почнува вториот том од зборникот) содржи пет статии. Г. Хоџа ги презентира најновите археолошки ископувања на тврдината во Призрен, фокусирајќи се притоа на 4 фази: праисториска, доцноантичка, доцносредновековна и османска. Л. Пержита ги истражува доцноантичките тврдини на патниот правец Lissus-Naissus, додека Ф. Пеја и А. Хајдари ја презентираат доцноантичката тврдина на ридот Харилак (Косово), откриена во 2005. И. Јорданов ги презентира оловните рановизантиски печати кои потекнуваат од Епир и Илирик, а се пронајдени во Бугарија. На крајот М. Хаџимихали изнесува нови податоци за опаѓањето на градот Аполонија.

Трудовите во вториот дел (вкупно 16) се однесуваат, како што е спомнато погоре, на *економските и културните разменувања* во регионот. В. Берети ги анализира бронзените вазни од неколку локалитети датирани во класичниот и хеленистичкиот период. А. Гамберини и Е. Вечиети ја анализираат економијата на Фојника преку керамиката. С. Баралиу ги прикажува погребните култови од железното доба на територијата на Дарданија. М. Мари ги анализира перцепциите на Тукидид во врска со северните граници на хеленскиот свет. М. Ферарини и С. Санторо ги проучуваат претставите на сирени најдени во Дирахион. Е. Шукриу се фокусира на еден одамна пронајден и повеќе пати толкуван епиграфски споменик посветен на извесна дарданска божица, при што ги премолчува трудовите на одредени српски истражувачи. Н. Проева анализира неколку појасни токи кои потекнуваат од Дасаретија и од илирските земји во најширока смисла на зборот. М. Подини ја разгледува декоративната архитектура во Илирија и северен Епир. С. Шпуза пишува за руралниот аспект на животот во регионот. М. Шашел-Кос ги анализира погледите на Страбон кон „барбарите" од северот. Г. Пљаку пишува за просторната организација во областа на Јанина, врз база на археолошките податоци. Н. Цека се фокусира на утврдувањата на градовите во Илирија и Епир. К. Прека-Александри и Ј. Стојас со помош на археолошките извори проучуваат елементи од економскиот и политичкиот живот во Гитана. Џ. Пицини ги анализира можностите за консулирање на светилиштето во Додона од страна на луѓе од подалечни краеви, како на пример Спартанците. А. Висконти дава една забелешка за односите меѓу Атина и Епирците во V век п.н.е. На крајот, П. М. Кастиљони ги изучува илирско-хеленските културни контакти, преку една епизода од митот за Аргонаутите.

На крајот од зборникот се дадени резимеа на трудовите, електронски адреси на авторите, како и неколку индекси (географски, антички автори, митолошки и прософографски).

Помеѓу сите набројани трудови, само еден допира до историјата на античка Македонија и доаѓа од единствениот учесник од Р. Македонија. Тоа е статијата „*Појасни токи од илирските земји и од Дасаретија*" од проф. д-р Наде Проева, која редовно учествува на симпозиумот. Почетна точка на нејзиното истражување е една појасна тока, пронајдена во гроб од македонски тип, во с. Долно Селце (близу Подградец, Р. Албанија). Иако токата е презентирана во стручната литература пред повеќе години, досега не и била посветена целосна студија. Авторката ја споредува оваа тока со неколку други примероци со слични иконографија, што потекнуваат од западниот дел на Балканот (од териториите на Јаподите, Даорсите, Лабеатите и Дасаретите). По прегледот на досегашните попатно искажани мислења за потеклото, симболиката и значењето на наодот од Д. Селце, авторката предлага ново толкување, според кое, споменатата појасна тока е од македонско потекло (а не илирско), се однесува на историски настан (а не митолошки), и е изработена во македонска работилница. Статијата е илустрирана со фотографии и цртежи од сите појасни токи кои се предмет на анализа во текстот.

Што се однесува на структурата и методологијата на зборникот, се забележуваат неколку одлики. Распределбата на трудовите, претставена погоре, генерално ја следи шемата од претходните изданија на зборникот. Поделбата на прв дел каде се прикажани најновите истражувања и втор кој се однесува на конкретна тематика, е одличен концепт. Меѓутоа, во второ-

то поглавје од првиот дел се забележува извесна нелогичност: статиите се распределени и по методолошки и по географски критериум, што на прв поглед изгледа збунувачки. Впрочем, ваква забелешка беше направена и во приказот на претходниот број на зборникот. Притоа, некои статии излегуваат од предвидената шема. Така, статијата на Андреу која се однесува на праисторијата е ставена во делот за грчко-римскиот период, додека статијата на Чиобану се однесува на локалитет во денешна Романија кој е далеку од темата на симпозиумот, а насловот на статијата од Карацени не соодветствува со насловот на резимето од истата. Освен овие ситни недоследности, поважен е фактот што зборникот се одликува со современ, интердисциплинарен пристап. Објавените резултати се должат на археолошки, епиграфски, нумизматички, иконографски, палеографски, и информатички анализи, често пати во взаемна комбинација на методите и темите. Темите го опфаќаат економскиот, културниот, политичкиот, религискиот аспект на животот во минатото на регионот со што се добива сеопфатна слика. Воедно голем дел од истражувачите чии трудови се презентирани, се еминентни и сериозни научници, кои се редовни учесници во дебатата за историјата на јужна Илирија и Епир. На крајот, заслужува пофалба фактот што симпозиумот дава можност и на помладите истражувачи, кои честопати имаат нови, поинвентивни приоди кон старите проблеми, и се носат рамо до рамо со нивните учители.

Во целина, и овој зборник мошне ефективно ја извршува благородната цел, а тоа е да ја држи во тек академската јавност со најновите и сериозни истражувања и толкувања во однос на различни теми за овој регион.

*Дарко Стојанов*
Институт за национална историја – Скопје